**ДО ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**СКОПЈЕ**

Влада на Република Македонија
Генерален секретаријат

**Бр. 44-3439/1**
**27.3.2018 год.**

Бул. Илинден бр.2,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3118 022
Сајт: www.vlada.mk

Во прилог ви се доставува за извршување Методологијата за изменување и дополнување на Методологијата за стратешко планирање и подготвување на Годишна програма за работа на Владата на Република Македонија, донесена од Владата на Република Македонија, под бр. 44-3439/1 од 27.3.2018 година.

**ПРИЛОГ: 1**

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА
ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА
МАКЕДОНИЈА

**д-р Драги Рашковски**

Подготвил: м-р Емилија Ванчевска
Контролирал: Љубица Р.Димовска
Зоран Брњарчевски
Ирма Мандева
Согласен: Дејан Јакимовски
Одобрил: Митра Спасовска

Врз основа на член 27-а став 3 од Деловникот за работа на Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/01, 98/02, 9/03, 47/03, 64/03, 67/03, 51/06, 5/07, 15/07, 26/07, 30/07, 58/07, 105/07, 116/07, 129/07, 157/07, 29/08, 51/08, 86/08, 144/08, 42/09, 62/09, 141/09, 162/09, 40/10, 83/10, 166/10, 172/10, 95/11, 151/11, 170/11, 67/13, 145/14, 62/15, 41/16, 153/16 и 113/17), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 27.3.2018 година, донесе

**МЕТОДОЛОГИЈА**
**за изменување и дополнување на Методологијата за стратешко планирање и подготвување на Годишна програма за работа на Владата на Република Македонија**

1. Во Методологијата за стратешко планирање и подготвување на Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/08), во точка 2. – Клучни активности во процесот на стратешко планирање, во Табелата 1 - Клучните елементи, одговорностите, резултатите и временската рамка за стратешко планирање и Годишна програма за работа на Владата, насловот на точката 3 се менува и гласи:

| | |
|---|---|
| 3. | Подготвување на Нацрт-стратешки планови, предлог буџетски пресметки и Годишен план за работа |

По редот 6 се додава нов ред 7, кој гласи:

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| • | Подготвување на Годишен план за работа | Министерствата и другите органи на државната управа | Годишен план за работа | Октомври - ноември |

Насловот на точката 5 се менува и гласи:

| | |
|---|---|
| 5. | Подготвување на Годишната програма за работа на Владата и донесување на Годишен план за работа |

По редот 2 се додава нов ред 3, кој гласи:

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| • | Донесување и објавување на Годишен план за работа | Министерства и други ОДУ | Годишен план за работа на ОДУ | Јануари-февруари |

Точката 7 се менува и гласи:

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 7. | Следење и известување на реализацијата на ГПРВ и Годишниот план за работа на ОДУ | | | |
| • | Следење на реализацијата на ГПРВ | Генерален секретаријат во соработка со министерствата и другите органи на државна управа | Мониторинг индикатори | континуирано |
| • | Следење и известување за спроведување на Годишниот план за работа | Министерства и други ОДУ | Периодични извештаи за степен на спроведувањето | континуирано |
| • | Изготвување на табели за рано предупредување за следење на реализација на ГПРВ | ГС во соработка со министерствата и другите органи на државна управа | Пополнета табела за рано предупредување од министертствата и другите органи на државна управа | квартално |
| • | Известување за степенот на реализцијата на ГПРВ и усвојување | Министерствата и другите органи на државна управа Влада на РМ | Извештај за степенот на реализација на ГПРВ со податоци од мониторинг индикатори | Полугодишно и годишно |
| • | Подготвување на Извештај за спроведување на Годишниот план за работа од претходната година | Министерства и други ОДУ | Извештај за спроведување на Годишниот план за работа | Јануари Годишно |
| • | Доставување на Извештај за спроведување на Годишниот план за работа до Генералниот секретаријат | Министерства и други ОДУ | Извештај за спроведување на Годишниот план за работа | Февруари |
| • | Објавување на Извештај за спроведување на Годишниот план за работа од претходната година | Министерства и други ОДУ | Извештај за спроведување на Годишниот план за работа | Март |

2. Во точка 3. „Дефинирање на стратешките приоритети на Владата“, потточката 3.2 „ Основи за подготвување на Предлог-одлуката за утврдување на стратешките приоритети“ во ставот 1 по зборот „ политика“ се става запирка и се додаваат зборовите „ секторските стратегии“.

3. Во точка 5. - Стратешки планови на министерствата и другите органи на државната управа, насловот на потточката 5.3. се менува и гласи: „5.3. Усогласување на стратешките планови со Предлог-буџетот на Република Македонија и подготвување на Годишен план за работа“.

Во ставот 2 зборовите „Скратената верзија на усогласениот“ се заменуваат со зборот „Усогласениот“, а зборот „ја“ се заменува со зборот „го“.

По ставот 2 се додаваат три нови става 3, 4 и 5 кои гласат:

„Министерствата и другите органи на државната управа во функција на операционализација на мерките и активностите содржани во програмите и потпрограмите на стратешкиот план подготвуваат Годишен план за работа.
Во Годишниот план за работа министерствата и другите органи на државната управа ги вклучуваат иницијативите кои ќе бидат содржани во Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија, согласно утврденото ниво на приоритет, временскиот рок и обврските кои произлегуваат од тековното работење.

По усвојување на Годишната програма за работа на Владата и Буџетот на Република Македонија, министерството/органот на државната управа го објавува Годишниот план за работа на својата веб-страница.“
Насловот на потточка 5.4 се менува и гласи „5.4 Следење, оценување и известување“.

Во потточка 5.4. во ставот 1 по зборовите „Стратешкиот план“ сврзникот „и“ се заменува со запирка, а по зборовите „плановите за спроведување на програмите и проектите“ се додаваат зборовите„и Годишниот план за работа“.

По ставот 3 се додаваат пет нови става 4, 5 , 6, 7 и 8 кои гласат:

„Прибирањето на податоците за целите на следењето и оценувањето се врши на месечна, квартална, полугодишна или годишна основа. Добиените податоци и информации се документираат и чуваат во електронска форма.

Министерствата и другите органи на државната управа подготвуваат редовни извештаи од следењето на Годишниот план за работа. Извештаите ги подготвува организационата единица задолжена за координација на спроведувањето на стратешкиот план и Годишниот план за работа.

Врз основа на периодичните извештаи за следењето и оценување на спроведувањето на Годишниот план за работа, министерствата и другите органи на државната управа подготвуваат извештај за спроведување на Годишниот план за работа од претходната година, кој го усвојува министерот, односно лицето кое раководи со органот на државната управа најдоцна до крајот на јануари во наредната година. При

подготвување на извештајот, министерствата и другите органи на државната управа треба да водат сметка извештајот да биде јасен и концизен, релевантен, прецизен и да се заснова на веродостојни податоци.

Извештајот се доставува до Генералниот секретаријат на Владата најдоцна до крајот на февруари во наредната година. Генералниот секретаријат, врз основа на извештаите доставени од страна на министерствата и другите органи на државната управа, ја подготвува Анализата за постигнатите резултати од спроведувањето на стратешките приоритети на Владата во претходната година.

Министерствата и другите органи на државната управа го објавуваат Извештајот за спроведување на Годишниот план за работа за претходната година,на својата веб-страница, најдоцна до 15 март во наредната година.“.

4. Оваа методологија ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

**Бр. 44-3439/1**
**27 март 2018 година**
**С к о п ј е**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Зоран Заев**